Johnson Matthey
Inspiring science, enhancing life

# Политика за спречување поткуп и корупција

Глобална
Верзија 2.0
Одобрено од Комисијата за политики на OneJM
на 24 јули 2019 г.

# Содржина

1 Цел 3

2 Применливост/Опфат 3

3 Политиката 4

A. Општа забрана за поткуп 4

B. Забрана за давање поткуп на јавни службеници 4

C. Плаќања за олеснување 4

D. Барање за почитување на Политиката за подароци, гостопримство и доброторни донации 5

E. Забрана за донации/придонеси на политички партии 5

F. Обврски кога се ангажираат и плаќаат трети лица - посредници (TPIs) 5

G. Обврска за пријавување на постоечки или сомнителни прекршувања или „црвени знамиња" 5

4 Исклучоци 5

5 Одговорности и обврски 5

6 Клучни контроли 7

7 Последици од прекршувања 9

8 Референци 9

9 Сопственост на политиката 9

10 Контрола на документот 9

11 Дефиниции 10

АНЕКС 1 „Црвени знамиња" 13

JM

# 1 Цел

Политиката за спречување поткуп и корупција („ABC") на Џонсон Мети („JM", „нашата", „ние", „нас") го утврдува нашиот **пристап за нулта толеранција на поткуп и корупција.** Оваа политика треба да се чита заедно со Глобалната политика за подароци, гостопримство и добротворни донации („GH&C").

Ние, нашите вработени и третите страни што ги ангажираме, подлежиме на бројни закони против поткуп и корупција („ABC") во сите земји каде што работиме на глобално ниво, вклучително, но не ограничувајќи се на Законот за спречување на корупција на Обединетото Кралство од 2010 г. („UKBA") и Законот на САД за коруптивни практики во странство („FCPA"), кои може да се применуваат на дела извршени насекаде во светот. Прекршувањата на законите против поткуп и корупција се третираат многу сериозно од страна на надлежните органи насекаде во светот и може да доведат до сериозни кривични, граѓански и регулаторни казни за JM и за сите вклучени поединци. Кривичните казни може да вклучуваат значителни парични казни и затвор.

Вмешаност или можна вмешаност на JM во поткуп или корупција може драстично да му наштети на нашиот углед и да ја разниша довербата што сме ја стекнале кај нашите работници, клиенти и заедниците каде што работиме.

Природата на нашите деловни активности значи дека сме изложени на ризици од поткуп и корупција кои мора да бидат ублажени. Работиме ширум светот, вклучително и во земји и со индустрии кај кои постои голем ризик од гледна точка на поткуп и корупција. Изложеноста е поголема кога работиме со јавни службеници, вклучително кога работиме со субјекти што се во државна сопственост. Дополнително, таму каде што ангажираме трети лица - посредници, („TPI") да работат во наше име, нивните постапки или потенцијална злоупотреба може да создадат одговорност за нас, без разлика дали ние сме свесни за таквите постапки или злоупотреба.

Мора да се придржувате кон оваа политика, сите важечки и применливи закони (вклучително и локалните закони против поткуп и корупција) и сите дополнителни обврски што произлегуваат од вашиот сектор или функција на групацијата. Во случај на судир меѓу обврските од оваа политика, политиката за вашиот сектор или функција на групацијата и локалните закони, мора да се придржувате до обврските кои се построги.

**При прегледот на оваа политика, треба да се повикате на Дефинициите утврдени во Дел 11.**

Одборот на директори на Џонсон Мети Plc и Комисијата за управување со групацијата („GMC") целосно се посветени на оваа политика и на обезбедувањето поддршка со цел да се постигне ваша усогласеност со истата.

# 2 Применливост/Опфат

## Што опфаќа оваа политика?

Со оваа политика се утврдуваат принципите и обврските што мора да ги следите за да избегнете вмешаност во поткуп и корупција.

**Поткуп** вклучува нудење, давање, барање или примање на пари, нешто од вредност или се друго што може да се смета за поткуп со цел некој да се наведе или да се награди за несоодветен чин или за да се влијае на некого при вршењето на неговата должност. За цели на проценка на ризикот од поткуп, „**несоодветен чин**" генерално се однесува на вршење (или неизвршување) на функција или активност на начин што е незаконски, неетички, нечесен или со злоупотреба на позицијата на доверба. Поткупот понекогаш се нарекува „мито". „**Нешто од вредност**" вклучува, но не е ограничено на:

- Подароци (вклучително и парични еквиваленти, како што се подарок- картички или ваучери)
- Поволни деловни аранжмани (на пр., договори со поволности)
- Гостопримство, како што се оброци, престој во хотели, билети или покани за спортски или културни настани
- други промотивни трошоци (како што се трошоци за пат и сместување)
- услуги во корист на примателот (како што се понуди за работа, приправнички стаж или практикантство на некоја директно вклучена страна или роднина на страната)
- Бесплатно користење на услугите, објектите или имотот на компанијата

JM

- Придонеси/донации на политички партии
- Добротворни донации

**Корупција** се однесува на злоупотреба на јавна функција или овластување за лична корист или злоупотреба на приватна моќ за остварување на деловни цели. Корупцијата може да се јави во повеќе облици, како што е измама, изнуда, подмитување или плаќања за олеснување.

**Плаќањата за олеснување**, понекогаш наречени „подмачкување", се неформални плаќања или подароци дадени за да се обезбеди, олесни или забрза спроведувањето на одредена владина активност или процес на недискреционен начин од страна на некој јавен службеник. Овие владини активности или процеси вклучуваат, но не се ограничени на издавање лиценци или дозволи, закажување инспекции или товарање/истоварање на карго/товар.

## На кого се однесува оваа политика?

Политиката се однесува на сите што работат за нас, независно дали се на определено или неопределено време, во која било компанија на нашата Групација, насекаде во светот, вклучувајќи ги сите вработени, изведувачи и привремено вработени (сите заедно: „Работници") освен ако не е наведено поинаку.

Сите поединци, групи на поединци и субјекти кои работат во наше име или обезбедуваат услуги на JM ќе се придржуваат кон истите етички стандарди како нашите Работници, вклучително, но не ограничувајќи се на агентите, дистрибутерите, препродавачите, давателите на услуги за логистика и владините посредници (сите заедно: „TPIs").

# 3 Политиката

Оваа политика го утврдува нашиот **пристап на нулта толеранција за поткуп и корупција**. Мора да ги почитувате правилата утврдени подолу во секое време и во сите аспекти од вашата работа.

Оваа политика не обезбедува целосно упатство за секој можен ризик од поткуп и корупција. **Ваша одговорност** е да бидете претпазливи во однос на ризиците за поткуп и корупција, да го информирате вашиот линиски менаџер за ваквите ризици и да побарате понатамошни насоки од Правниот тим или од Групата за етика и усогласеност („GE&C"), како што е потребно.

## A. Општа забрана за поткуп

Вие **не смеете да нудите, давате, барате, или прифаќате поткуп**, директно или индиректно (како што е поткуп преку трети лица - посредници), на или од **каков било** субјект или поединец.

## B. Забрана за давање поткуп на јавни службеници

Поткупот е строго забранет во сите околности, но комуникацијата со **јавните службеници** се смета за зголемен ризик од поткуп. Во јавни службеници спаѓаат, но не се ограничени на:

- поединци (избрани или назначени) кои се на позиции во која било национална, локална или општинска власт (на пр., законодавна, административна или друга) или во која било регулаторна агенција, берза или орган за котација.
- поединци кои вршат јавна функција за или во име на некој огранок или јавна агенција на која било национална, локална или општинска власт;
- службеници, вработени или претставници на кое било Претпријатие во државна сопственост („SOE");
- службеници, вработени или претставници на која било јавна меѓународна организација или невладина организација („NGO");
- поединци коишто делуваат во име на која било судска власт; и
- политичари, политички кандидати или вработени на политичка партија.

## C. Плаќања за олеснување

Вие **не смеете да вршите плаќања за олеснување од каков било вид**, независно дали директно или индиректно (т.е. преку друго лице или компанија), дури и кога тоа е вообичаена деловна пракса во

определа земја. Ако јавен службеник ви побара да извршите плаќање за олеснување, мора да го пријавите во согласност со оваа политика.

### D. Барање за почитување на Политиката за подароци, гостопримство и добротворни донации

Сите **подароци**, **гостопримство** или **добротворни донации** што ги давате или примате мора да бидат во согласност со оваа политика и политиката за GH&C на JM (и кој било применлив локален додаток на политиката)

### E. Забрана за донации/придонеси на политички партии

Не смеете да ги користите фондовите на JM за донации/придонеси на политички партии освен со изречно претходно писмено овластување од GMC. Донациите/придонесите на политички партии вклучуваат, но не се ограничени на донации/придонеси за политички кандидати, политички партии или комитети на политичка партија/акција. Ако не сте сигурни дали вашата донација или придонес претставува Донација/придонес за политичка партија, мора да се консултирате со Правниот тим или GE&C.

### F. Обврски кога се ангажираат и плаќаат трети лица - посредници (TPIs)

Секогаш мора да ги процените и решите ризиците за поткуп и корупција што произлегуваат од трети лица - посредници ангажирани да го претставуваат или да даваат услуги на или во име на JM и да го информирате за овие ризици вашиот линиски менаџер. Ако третите лица - посредници се опфатени со Процедурата на JM за ангажирање на трети лица - посредници со висок ризик (2017) или со Прегледот на ризици од трети лица - посредници (2014), тогаш мора да се следат обврските од применливата процедура.

### G. Обврска за пријавување на постоечки или сомнителни прекршувања или „црвени знамиња"

**i. Мора да пријавите постоечки прекршувања или сомневања за прекршувања на оваа политика.**

Ако забележите, дознаете или се сомневате за однесување што е во спротивност на оваа политика или на поинаков начин го компромитира JM со поткуп или корупција, мора веднаш да го известите JM преку Правниот тим, GE&C или процесот Speak Up.

Анекс 1 содржи список на „црвени знамиња" за поткуп и корупција кој не е конечен.

**ii. Мора да пријавите „црвени знамиња" за поткуп и корупција што вклучуваат Трети лица.**

Мора да го информирате Правниот тим за какви било „црвени знамиња" што произлегле во текот на соработката (или потенцијалната соработка) со некое Трето лице веднаш штом ќе дознаете за истите. Ако се донесе одлука да не се соработува со некое Трето лице (или да не се продолжи со соработка со истото) заради загриженост за поткуп или корупција, Правниот тим мора да ги информира GE&C за да може одлуката да се евидентира во регистарот/списокот за следење на Групацијата JM.

## 4 Исклучоци

**Плаќања за избегнување на непосредна опасност**

Плаќања кои вообичаено би се сметале за прекршување на оваа политика може по исклучок да се направат кога вие или некој друг Работник се соочувате со непосредна опасност, како што е губење на животот, слободата или телесна повреда ако не се изврши плаќањето. Ако не сте во можност однапред да го известите Правниот тим или GE&C за преземање на некакво дејство (вклучително и какви било плаќања) во согласност со овој исклучок од политиката, мора (заедно со вашиот линиски менаџер) во најскор можен рок да ги известите за тоа, да ги евидентирате сите трансакции во согласност со оваа политика и да се уверите дека сите релевантни плаќања се точно евидентирани во сметководствените книги и евиденција.

**Нема други исклучоци од оваа политика.**

## 5 Одговорности и обврски

## Одговорности

**Главниот извршен директор** има целокупна одговорност за придржувањето кон оваа политика**.**

**Секој член на Комисијата за управување со групацијата GMC** е одговорен, и мора да е во можност да го покаже тоа, за придржувањето кон ABC во однос на неговиот/нејзиниот сектор или функција на Групацијата. Тоа вклучува да се осигури дека:

- Секторот/Функцијата на Групацијата располага со доволно ресурси и персонал, и соодветни системи и обврски за известување што се воспоставени за да се имплементира и да се обезбеди придржување кон оваа политика;
- Секторот/Функцијата на Групацијата води точна и комплетна финансиска евиденција;
- На релевантните работници во Секторот/Функцијата на Групацијата им е обезбедена посебна обука за спречување поткуп и корупција;
- Соодветните работници во Секторот/Функцијата на Групацијата ги разбираат и ги применуваат Длабинските анализи и функционалните контроли за оценка на ризикот од поткуп и корупција; и
- Системите и процесите на JM редовно се тестираат во Секторот/Функцијата на Групацијата за да се оцени усогласеноста.

Секој член на GMC може да назначи делегати да ги исполнуваат одговорностите на Секторот/Функцијата на Групацијата и со својата одговорност да помагаат кон оваа политика.

## Обврски

**Сите работници** (прва линија на одбрана)

- Ја прочитале оваа политика, и на барање, завршиле обука поврзана со поткуп и корупција; и
- Изразуваат загриженост и поставуваат прашања во врска со поткупот и корупцијата во согласност со оваа политика.

**Сите релевантни работници** (прва линија на одбрана)

- Се грижат односите со трети страни да се одржуваат согласно со принципите и условите утврдени во оваа политика;
- Изразуваат загриженост за поткуп и корупција во согласност со оваа политика; и
- Се придржуваат до секоја специфична процедура на некој Сектор/Функција на Групацијата со којашто се пропишува оваа политика, сите локални додатоци на политиката и сите дополнителни барања утврдени во локалните закони.

**Секој Сектор/Релевантна функција на Групацијата** (втора линија на одбрана)

- Ги идентификува сите релевантни работници во Секторот/Функцијата на Групацијата;
- Ја интегрира политиката во рамките на Секторот/Функцијата на Групацијата, осигурува дека сите релевантни работници во Секторот/Функцијата на Групацијата ги завршиле сите планирани обуки против поткуп и корупција и води тековна евиденција за обуките за период од најмалку пет години;
- Креира/врши и одржува секаква применлива длабинска анализа и финансиски контроли за да спречи JM да биде вмешан во поткуп и корупција;
- Одржува соодветни внатрешни контроли што ги регулираат плаќањата на трети лица - посредници;
- Води точна книговодствена и сметководствена евиденција; и

- Го информира GE&C за трети страни што се одбиени заради причини поврзани со поткуп и корупција.

**Секој Сектор/Функција GC**

- Советува за применливоста на оваа политика и обврските што произлегуваат од неа;
- По потреба, покренува прашања или проблеми што произлегуваат од примената на оваа политика до GE&C;
- Во рамките на Секторот/Функцијата, ги координира сите обуки против поткуп и корупција што се обезбедени за релевантните работници преку веб-семинари или лично;
- Ги обучува релевантните работници за оваа политика за да се осигури дека тие се свесни за ризикот од поткуп и корупција и обврските од оваа политика, според потребите; и
- Води евиденција за сите обуки за подароци, гостопримство и добротворни донации што се обезбедени преку веб-семинар или лично за период од најмалку пет години.

Секој Сектор/Функција на GC може да назначи делегати за да им помогнат во извршувањето на нивните должности според оваа политика.

**Раководител на Групацијата, Служба за етика и усогласеност** (втора линија на одбрана)

- Ја информира и ја советува JM и нејзините релевантни работници за нивните обврски согласно со оваа политика и важечките закони за поткуп и корупција.
- Ја следи усогласеноста со оваа политика и важечките закони за поткуп и корупција;
- Креира и одржува материјали за обуки против поткуп и корупција и осигурува дека обуките им се достапни на релевантните работници;
- Води евиденција за сите обезбедени обуки на интернет против поткуп и корупција за период од најмалку пет години.
- Ја имплементира и управува со програмата на JM за усогласеност во однос на поткупот и корупцијата;
- Води регистар на Групацијата/список за следење на трети страни коишто се одбиени поради причини поврзани со поткуп или корупција.
- Го води регистарот на Групацијата за трети лица - посредници со висок ризик што е одобрен од Комитетот за правни ризици; и
- Делува како внатрешен контакт за сите релевантни органи што  вршат истраги за прашања поврзани со поткуп и корупција што потенцијално ја инволвираат JM.

Раководителот на Групацијата, Етика и усогласеност можат да назначат делегати за да им помогнат во извршувањето на нивните должности според оваа политика.

**Служба за корпоративно осигурување и ризик на JM** (трета линија на одбрана)

- Го следи дизајнот и ефективноста на воспоставените процеси и контроли, како на првата, така и на втората линија на одбрана, и им дава гаранции на Комисијата за управување со групацијата и на Одборот на директори на JM Plc.

# 6 Клучни контроли

| ***Клучен ризик*** | ***Клучни контроли*** |
|---|---|
| Плаќања или давања на други предмети од вредност на клиенти, потенцијални клиенти и/или јавни службеници во обид да се добие | **Обука** |

| | |
|---|---|
| предност и/или да се влијае во донесувањето одлуки. | • Сите релевантни работници мора да поминат годишна обука на интернет за свесност за поткуп и корупција, во комбинација со периодични обуки лице в лице/веб-семинари кои се однесуваат на ризиците од поткуп и корупција во специфични контексти и ги покриваат принципите на оваа политика и Политиката за подароци, гостопримство и добротворни донации.<br>• Секој Сектор/Функција на Групацијата води соодветна евиденција за обуките.<br>**Процедура за ескалација**<br>Секторите и функциите на Групацијата имаат воспоставено и евидентирано Процедура за ескалација во случај на утврдување на „црвени знамиња" за поткуп и корупција од страна на работниците во кој било момент.<br>**Политика за подароци, гостопримство и добротворни донации**<br>Политиката за подароци, гостопримство и добротворни донации содржи специфични обврски за одобрување и евидентирање во однос на обезбедувањето, ветувањето или примањето на подароци, гостопримство и добротворни донации. |
| Трети лица - посредници им плаќаат на јавни службеници и други потенцијални клиенти за да добијат предност или да влијаат во донесувањето на одлуки за да добијат бизнис за JM. | **Длабинска анализа**<br>Третите лица - посредници мора да подлежат на соодветна проверка, проверки со длабински анализи и тековно следење во согласност со Процедурата на Групацијата Џонсон Мети за ангажирање на трети лица - посредници со висок ризик (2017) и Прегледот на ризикот од трети лица - посредници од 2014 г., како што е применливо. |
| Трети лица - посредници што се одбиени поради загриженост за поткуп и корупција, а подоцна се ангажирани од JM без знаење за претходното одбивање. | **Одржува список за следење**<br>Членовите на Правниот тим мора да ги информираат GE&C за трети лица - посредници што се одбиени поради загриженост за поткуп и корупција за да може да бидат додадени во Регистарот на Групацијата/списокот за следење, што мора да се провери пред да се ангажира некое трето лице - посредник. |
| Фондовите на JM се користат за причини поврзани со поткуп и корупција | **Усогласување со минималните финансиски контроли на JM**<br>Службата со финансиска функција мора да го имплементира стандардот за минимални финансиски контроли и релевантните работници во службата со финансиска функција мора да се придржуваат кон |

| | |
|---|---|
| | финансиските контроли утврдени со минималните финансиски контроли на JM. |

## 7 Последици од прекршувања

***Последици од прекршување***

Непридржувањето кон оваа политика претставува дисциплински прекршок и може да резултира со дисциплинска постапка, којашто може да вклучува и отказ. Во сериозни случаи, делата што вклучуваат поткуп или корупција може да претставуваат и кривично дело и можат да доведат до тоа органите за спроведување на законот да покренат постапка против работникот и/или JM.

***Изразување на загриженост***

Загриженоста којашто се однесува на какво било фактичко или наводно прекршување или сомневање за прекршување на оваа политика треба да се пријави како што е опишано во Политиката за пријавување на Групацијата Џонсон Мети „Speak Up‟, по пат на кои било канали, вклучувајќи го тука:

- вашиот линиски менаџер или менаџер за човечки ресурси;
- кој било член од Правната група или Службата за етика и усогласеност на Групацијата;
- Линијата Speak Up; или
- анонимна е-пошта.

Сериозно ги сфаќаме сите пријави за одмазда, осветa или неповолен третман на кое било лице поради пријавување на проблем или помагање при истрагата. Ќе се справиме со одмаздата така што ќе преземеме дисциплински мерки за да ги заштитиме оние што постапиле правилно со тоа што пријавиле.

***Истраги***

Сите прашања што се однесуваат на прекршување на оваа политика ќе бидат истражени и координирани од страна на Раководителот, Службата за етика и усогласеност на Групацијата, кои што одговараат пред Генералниот совет и Секретарот на компанијата.

## 8 Референци

Етички кодекс: Правилно постапување

Упатство за судир на интереси

Процедура за ангажирање на трети лица - посредници со висок ризик (2017)

Политика за финансиски криминал

Политика за подароци, гостопримство и добротворни донации

Преглед за проценка на ризик од трета страна (2014)

## 9 Сопственост на политиката

Оваа политика е сопственост на Генералниот совет и Секретарот на компанијата.

## 10 Контрола на документот

| **Контрола на документи** | |
|---|---|
| **Верзија број** | 2.0 |
| **Референца** | Неприменливо |

| | |
|---|---|
| **Тело за одобрување** | Комисија за политики на OneJM |
| **Датум на издавање** | 20 февруари 2020 г. |
| **Датум на важење (ако има)** | Неприменливо |
| **Автор на политиката** | Rebekah Coleman (Ребека Колеман) |
| **Класификација** | Интерен |

### Евиденција на претходни измени и дополнувања

| Број на верзија | Датум на објавување | Преглед на измени |
|---|---|---|
| | | |
| | | |

# 11 Дефиниции

| | |
|---|---|
| **Поткуп** | Давање или примање на пари или нешто од вредност како компензација или награда за некој несоодветен чин. „Нешто од вредност" може да вклучи, но не е ограничено на следното:<br>• Подароци (вклучително и парични еквиваленти, како што се подарок - картички)<br>• Договори со поволности<br>• Гостопримство, како што се оброци, престој во хотели, билети или покани за спортски или културни настани<br>• Други промотивни трошоци (како што се трошоци за пат и сместување)<br>• Услуги во корист на примателот (како што се понуди за работа на некоја директно вклучена страна или роднина на страна)<br>• Бесплатно користење на услугите, објектите или имотот на компанијата<br>• Придонеси/донации на политички партии<br>• Добротворни донации |
| **Добротворна донација** | Доброволни филантропски придонеси и некомерцијални спонзорства во форма на парични или непарични подароци, за кои не се очекува плаќање за возврат ниту пак се очекува да се изврши или е извршена некаква услуга. |
| **Корупција** | Злоупотреба на јавна функција или овластување за лична корист, или злоупотреба на приватна моќ за остварување на деловни цели. Корупцијата може да се јави во повеќе облици, како што е измама, изнуда, плаќања за олеснување или поткуп. |
| **Процедура за ескалација** | Ако се откријат сомневања или „црвени знамиња" за поткуп или корупција, истите треба да се пријават како што е наведено во политиката. Сомневањата или „црвените знамиња" ќе бидат оценети и, онаму каде што е потребно, истражени. |
| **Плаќање за олеснување** | Неформални плаќања или подароци дадени за да се обезбеди, да се олесни или да се забрза извршувањето на некое неопходно владино дејство или процес од страна на некој јавен службеник. Овие владини дејства или процеси вклучуваат, но не се ограничени на издавање лиценци или дозволи, закажување инспекции или товарање/истоварање на карго/товар. |

| | |
|---|---|
| **Подароци** | Сите производи, услуги, готовина или парични еквиваленти (како што се чекови, патнички чекови, подарок-картички, ваучери, заеми и акции) и секоја деловна љубезност, благодарност, попуст, услуга и други предмети од вредност - дури и номинална - за кои примателот не ја плаќа реалната вредност. |
| **GMC** | Комисија за управување со Групацијата |
| **Функција на Групацијата** | Функции на Групацијата со потенцијален повисок ризик од соочување со поткуп и корупција, вклучувајќи ги, но не ограничувајќи се на: Група за финансии, Група за сметководство, Група за данок и трезор, Група за снабдување, Правна група и Група за човечки ресурси. |
| **Гостопримство** | Сите оброци, пијалаци, разонода (вклучувајќи ги, но не ограничувајќи се на билети или покани за спортски или културни настани), рекреација, патување, сместување (како што се престои во хотели) и други љубезности кои имаат некаква вредност - дури и номинална - и за кои примателот не ја плаќа реалната вредност. |
| **Несоодветен чин** | Генерално се однесува на вршење (или неизвршување) на функција или активност на начин што е незаконски, неетички, нечесен или со злоупотреба на позицијата на доверба. |
| **JM** | Џонсон Мети, како што е дефинирано во Дел 1 од оваа политика. |
| **Правен тим** | Правен советник во релевантниот правен тим на Сектор/Функција. |
| **Локален додаток на политиката** | Кој било локален додаток кон оваа политика што се применува во одредена земја. |
| **Минимални финансиски контроли** | Работна книга за внатрешни финансиски контроли што ја води Групата за финансии. |
| **Политички придонес/донација** | Вклучуваат, но не се ограничени на придонеси/донации за политички кандидати, политички партии или комитети на политичка партија/акција. |
| **Јавен службеник** | Вклучува, но не е ограничено на:<br>• поединци (избрани или назначени) кои се на какви било позиции во која било национална, локална или општинска власт (на пр., законодавна, административна воена или судска);<br>• поединци кои вршат јавна функција за или во име на некој огранок или јавна агенција на која било национална, локална или општинска власт;<br>• службеници, вработени или претставници на кое било претпријатие во владина/државна сопственост или контрола („SOE“), јавна меѓународна организација, невладина организација или која било регулаторна агенција, берза или орган за котација; и<br>• политичари, политички кандидати или вработени на политичка партија. |
| **Релевантни работници** | Работници кои:<br>• даваат или примаат подароци/гостопримство |

| | |
|---|---|
| | • се одговорни за одобрување на подароци/гостопримство што се дадени, примени или понудени;<br>• се одговорни за продажба на производите/услугите на JM на клиентите;<br>• се одговорни за избор на продавачи/добавувачи кои обезбедуваат производи/услуги за JM;<br>• работат и/или се инволвирани во длабинска анализа на трети лица - посредници;<br>• имаат редовен контакт со трети лица - посредници;<br>• работат со финансиски информации поврзани со трети лица - посредници; или<br>• на поинаков начин се идентификувани како лица коишто може да наидат на „црвени знамиња" за поткуп и корупција додека ја извршуваат нивната работна функција. |
| **Субјект во државна сопственост/SOE** | Кое било трговско претпријатие под владина/државна контрола (концептот на „SOE" се толкува широко и треба да се анализира сопственоста на претпријатието, контролата, целта и активностите). |
| **Трета страна/Трети страни** | Актуелни или потенцијални клиенти, набавувачи на добра и услуги, трети лица - посредници или која било друга трета страна со која JM има директна врска. |
| **Трети лица - посредници/TPIs** | Поединец или група на поединци кои JM ги ангажира да го претставуваат, да работат во име на JM или да обезбедуваат услуги на JM, вклучително, но не ограничувајќи се на агентите, дистрибутерите, препродавачите, давателите на услуги за логистика и владините посредници. |

JM

# АНЕКС 1

## „Црвени знамиња"

Подолу се наоѓа неисцрпна листа на „црвени знамиња" на коишто може да наидете, а се поврзани со финансиски криминал, поткуп и корупција или загриженост во однос на трговијата и контролата на извозот. Ако наидете на нив или на кои било други „црвени знамиња", мора да ги пријавите на линискиот менаџер и на Правниот тим.

**Неусогласеност на трета страна со процесот за длабинска анализа на JM**

- Трета страна одбива или не сака да даде (или дава недоволни, лажни или недоследни) информации како одговор на прашањата на JM за длабинска анализа.
- Трета страна покажува невообичаена загриженост во однос на усогласеноста со политиките на JM.
- Трета страна се противи или одбива да дозволи JM да ја посети канцеларијата или производствените капацитети.

**Историја на третата страна**

- На некоја трета страна ѝ недостасуваат очигледни квалификации, искуство или ресурси или има проблеми со опишувањето на природата на своето деловно работење.
- Сопственичката структура на некоја трета страна изгледа невообичаено или премногу комплексна.
- Трета страна има седиште во високо ризично подрачје (од перспектива на финансиски криминал, видете ја Процедурата за ангажирање на трети лица - посредници со висок ризик на Групацијата Џонсон Мети (2017), и од перспектива на финансиски криминал видете го Анексот 2 од Прирачникот на политиката за финансиски криминал на Групацијата Џонсон Мети).
- Трета страна или нејзината адреса е слична со адреса на страна што се наоѓа на листа на забранети страни, како што се оние што ги издаваат Велика Британија, ЕУ или САД.
- Трета страна е позната по тоа дека има „специјален однос" со власта, политичка партија или друг јавен службеник или е конкретно побарана од страна на некој јавен службеник.
- Трета страна што комуницира на невообичаен или сомнителен начин, на пример, употребува лични сметки за е-пошта (како што се Gmail и Hotmail).
- Трета страна (или лице или субјект поврзани со трета страна) има сомнителна позадина или е предмет на известувања што укажуваат на можни кривични, граѓански или регулаторни прекршоци.
- Трета страна бара услуги, подароци или гостопримство пред да започне или да продолжи со договорните преговори или ви нуди невообичаено дарежлив подарок или раскошно гостопримство.

**Природа и структура на деловниот однос или на трансакцијата**

- Трета страна сака да се вклучи во трансакција што изгледа дека нема деловна логика, недоследна е со деловната стратегија на третата страна или е невообичаена за третата страна.
- Трета страна е таинствена во однос на целите на деловниот однос или на трансакцијата.
- Трета страна се чини дека делува како агент на неоткриен налогодавач но одбива или е неволна, без легитимни комерцијални причини, да даде информации за таа личност или субјект.
- Трета страна бара или сака да користи агент, посредник, консултант, дистрибутер или добавувач без легитимни комерцијални причини.
- Трета страна одбива договорените услови да ги стави во писмена форма или бара договорите или друга документација да бидат датирани со изминат датум.
- Трета страна бара трансакцијата да биде структурирана така што ќе се избегнат вообичаените барања за водење евиденција или известување.
- Трета страна е заинтересирана да набави производи на JM, но:

JM

- не е запознаена со карактеристиките на производот;
- набавува производ што е некомпатибилен со техничкото ниво на земјата на дестинација;
- е нејасна во однос на крајната намена на производот; или
- е нејасна во однос на тоа дали производот е за домашна употреба, за извоз или за реизвоз.

**Услови на плаќање**

- Трета страна нуди да ги плати надоместоците на JM преку готовински плаќања однапред.
- Трета страна бара плаќање во готово (или со парични еквиваленти како што е налог за плаќање).
- Трета страна бара плаќањето да се врши преку друга страна која нема договорен однос со JM, наместо да се врши директно на третата страна.
- Трета страна бара плаќањето да се изврши во земја, јурисдикција или географска локација различна од онаа каде што се смета дека третата страна има седиште или врши деловни активности или во јурисдикција каде што нема даноци или може да се смета за даночен рај.
- Трета страна има повеќе сметки на едно име или на повеќе имиња, со голем број преноси меѓу тие сметки или кон друга трета страна, без никакви очигледни легитимни причини.
- На сметката на трета страна се забележува необјасниво или ненадејно зголемување на обемот на трансакции, особено на сметки на кои претходно имало мала или никаква активност.
- Се пренесуваат пари или имот преку трета страна (како што е консултант или претставник) на некој јавен службеник.

**Практики на фактурирање на трета страна**

- Трета страна бара фактурите да бидат адресирани на друг субјект, за кој JM нема вршено услуги директно.
- Трета страна бара JM да го смени описот на дадените услуги во фактурата без никакво објаснување или на начин што изгледа осмислен да ја прикрие природата на дадените услуги.
- Трета страна праќа фактура до JM за плаќање на провизија или надомест што изгледа превисока за наведената обезбедена услуга.
- Трета страна одбива да издаде фактура или потврда за плаќање или сте добиле нестандардна фактура или потврда за плаќање.

**Учинок на трета страна**

- Трета страна редовно врши плаќања повисоки од фактурата и потоа бара враќање на вишокот средства што ги платила.
- Индикации дека шпедитер што помага при транспортот на стоки вршел плаќање на терористички организации да вршат транспорт на стоки низ регионот.
- Има прием на стока, а вие се сомневате дека имало поткуп или плаќање за „олеснување" извршено на црински службеник за истиот да ја ослободи таа стока.
- Трета страна има прекумерни или многу невообичаени барања (на пр., порачува големи или необјасниви количини производи).
- Трета страна ги одбива рутинските услуги на JM за инсталација, обука или одржување.
- Трета страна што набавува производи од JM бара датумите на достава да бидат нејасни, достави на непристапни дестинации или достави до шпедитери.